ControlCert



# ПРАВИЛА ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА НА ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ

Изработил: Одобрил:

Елена Тофиловска Даниел Трајковиќ

| Измени: | 1. | 2. | 3. | 4. |
|---|---|---|---|---|
| Датум: | | | | |
| Верзија: 01/24 | | | Датум: 28.11.2024 | |

## 1. ПРЕДМЕТ

Со овие Правила за сертификација КОНТРОЛ ЦЕРТ ДООЕЛ СКОПЈЕ го пропишува начинот на спроведување на постапката за сертификација, следење и одржување на сертификацијата, решавање на жалби и приговори, како и права и обврски на КОНТРОЛ ЦЕРТ и сертифицираните организации.

Правилата се наменети за да се дадат општи информации на подносителите на апликацијата и носителите на сертификатот, за постапката на сертификација, барањата и критериумите кои мораат да бидат задоволени за добивање и одржување на сертификацијата, правата и обврските на КОНТРОЛ ЦЕРТ, како и за вработените во КОНТРОЛ ЦЕРТ, лицата ангажирани во процесот на сертификација по пат на договор, оценувачите на КОНТРОЛ ЦЕРТ и лицето кое ја донесува одлуката за сертификација.

## 2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

КОНТРОЛ ЦЕРТ е акредитирано и именувано тело за сертификација на производи, процеси и услуги кое се бави со контрола на фабричко производство на градежните производи според Закон за градежни производи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/15, 192/15, 53/16 и 120/18) за систем на оцена 2+ со следниот опсег:

- МКС EN 12620+A1:2009, Агрегати за бетон
- МКС EN 13043:2006, МКС EN 13043:2006/AC:2006, Агрегат за битуменски мешавини и површински обработки за патишта, аеродроми и други сообраќајни површини
- МКС EN 13242+A1:2009, Агрегати за неврзани и за хидраулички врзани материјали , кои се користат во градежништвото и во изградбата на патишта
- МКС EN 13383-1:2006, МКС EN 13383-1:2006/AC:2006, Делкан камен - Дел 1: Спецификација
- МКС EN 13450:2006, МКС EN 13450:2006/AC:2006,Агрегати за железнички товар

- МКС EN 13055:2016, Лесни агрегати
- МКС EN 13139:2006, МКС EN 13139:2006/AC:2006, Малтерни маси
- МКС EN 206:2013+A2:2022, Бетон - Спецификации, својства, производство и сообразност
- СШ 05, B4
- МКС 1016:2018+A1:2020 Бетон - Спецификации, својства, производство и сообразност, Правила за користење на МКС EN 206:2013+A2:2022

## 3. ПРИНЦИПИ

КОНТРОЛ ЦЕРТ, процесот на сертификација го спроведува на начин што обезбедува висок степен на доверба на јавноста и верувања дека се спроведува непристрасно и компетентно.

Принципи кои КОНТРОЛ ЦЕРТ ги почитува се:

- Непристрасност
- Компетентност
- Одговорност
- Отвореност
- Доверливост
- Реакција на приговори и жалби

## 4. ОДГОВОРНОСТИ

Одговорноста на почитување и одржување на овие Правила за сертификација е на сите заинтересирани страни, вклучени во постапката на сертификација.

## 5. РЕФЕРЕНТНИ ДОКУМЕНТИ

- Закон за градежни производи, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/15, 192/15, 53/16 , 120/18 и 150/21)
- EN ISO/IEC 17065:2012, Conformity assessment-Requirements for bodies certifying products, processes and services

## 6. ПОИМИ, ДЕФИНИЦИИ И СКРАТЕНИЦИ

Поимите и дефинициите кои се применуваат врз овие правила се дадени во следниве документи:

- EN ISO/IEC 17065:2012, Conformity assessment-Requirements for bodies certifying products, processes and services
- Закон за градежни производи, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/15, 192/15, 53/16 и 120/18)

## 7. ПРАВНИ И ДОГОВОРНИ ПРАШАЊА

### 7.1 Законска одговорност

КОНТРОЛ ЦЕРТ со Решение бр.350201700284420 од 12.12.2017 година е основано на територијата на Република Северна Македонија и претставува правно лице регистрирано како Друштво со ограничена одговорност на едно лице, правно одговорно за активностите на сертификацијата.

### 7.2 Договор за сертификација

КОНТРОЛ ЦЕРТ услугите на сертификацијата ги извршува врз основа на Договор за сертификација. Договорот е основ за соработка. Се склучува помеѓу Директорот на КОНТРОЛ ЦЕРТ и овластено лице на клиентот. Со Договорот се утврдуваат сите битни елементи на услугите на сертификацијата и со него

Правилата за сертификација стануваат одговорност за потписниците на Договорот. Со Договорот се опфатени сите производи и локации кои клиентот ги пријавил за сертификација.

### 7.3 Одговорност за донесување на одлука за сертификација

КОНТРОЛ ЦЕРТ е одговорен и надлежен за одлуки кои се однесуваат за сертификација, вклучувајќи доделување, одржување, ресертификација, проширување, стеснување/намалување, суспензија или враќање по суспензија и повлекување/одземање на сертификација. Ова овластување КОНТРОЛ ЦЕРТ не го пренесува на никого.

### 7.4 Професионална одговорност и финансирање

КОНТРОЛ ЦЕРТ го оценува ризикот кој поттикнува од активностите на сертификација и има соодветни аранжмани (Полиса на осигурување) за покривање на одговорности кои настануваат од неговата работа во секоја област од неговата работа.

КОНТРОЛ ЦЕРТ на основа на финансиски извештаи, ги оценува своите финансии и извори на приходи. КОНТРОЛ ЦЕРТ има финансиска стабилност која се бара за процесот на сертификација. Врз основа на тоа обезбедува комерцијални, финансиски или други притисоци да не ја нарушуваат непристрасноста во процесот на сертификација. Во истото има увид и Комисијата за заштита на непристрасност.

КОНТРОЛ ЦЕРТ и неговиот персонал ги извршуваат задачите за трети лица во процесот на сертификација со највисок степен на професионален интегритет и задолжителна техничка способност во посебни области и се ослободени од притисоци и сомневање, особено финансиски, кои може да влијаат врз нивното одлучување или врз резултатите од нивната оценка и/или потврда, особено од лица или група на лица кои имаат интерес за резултатите на овие активности.

### 7.5 Доверливост

КОНТРОЛ ЦЕРТ со договорот за сертификација ја регулира заштитата на доверливите информации добиени во текот на активностите на сертификација. Доверливоста е регулирана и со договорот кој се склучува со оценувачите на сертификацијата и Изјавата за доверливост и непристрасност која се потпишува од страна на оценувачите за секој клиент посебно. Исклучок, претставуваат информации кои КОНТРОЛ ЦЕРТ има обврска да ги даде на Акредитационото тело на Република Северна Македонија за време на проверка за целите на акредитација.

КОНТРОЛ ЦЕРТ вклучувајќи и членовите на тимот за оценување, сите информации и податоци добиени при поднесувањето на Апликацијата или спроведување на оценување и надзор ги смета за доверливи и употребливи исклучиво за потребите на оценување.

Информации за постапката на сертификација и други поврзани активности се деловна тајна на клиентот, КОНТРОЛ ЦЕРТ и неговиот персонал, со исклучок информацијата за доделување, суспензија или повлекување на сертификат.

### 7.6 Непристрасност

КОНТРОЛ ЦЕРТ и неговиот персонал се непристрасни со цел да обезбедат доверба во извршувањето на своите активности и резултати.

Активностите на сертификација се спроведуваат непристрасно, КОНТРОЛ ЦЕРТ е одговорно за непристрасноста на своите активности и не дозволува комерцијалните, финансиските и другите притисоци да влијаат на компромитирање на непристрасноста.

### 7.7 Недискриминаторни услови

Политиката и процедурите на КОНТРОЛ ЦЕРТ во ниту еден случај не се дискриминаторски, односно сите заинтересирани страни имаат еднаков

пристап и право на апликација и услуга од страна на КОНТРОЛ ЦЕРТ. КОНТРОЛ ЦЕРТ обезбедува услуги на сертификација на сите заинтересирани корисници. Сите барања се третираат на ист начин, независно од тоа кој е подносител, географско подрачје и за која цел ќе го користи сертификатот на КОНТРОЛ ЦЕРТ. Пристапот до процесот на сертификација во КОНТРОЛ ЦЕРТ не е условен со големината на клиентот, членство во некое здружение или група, бројот на сертификации кои се веќе издадени или било какви непогодни финансиски или други услови.

### 7.8 Јавно достапни информации

**КОНТРОЛ ЦЕРТ** објавува и става на располагање определени информации за процесот на сертификација за сите заинтересирани лица на веб сајтот www.control.mk, исто така и по пат на барање од страна на заинтересирано лице ги прави достапни сите информации кои имаат јавен карактер.

## 8. СТРУКТУРА

### 8.1 Организациона структура и највисоко раководство

КОНТРОЛ ЦЕРТ ја документира својата организациона структура, преку која ги идентификува сите лица, одбори и комисии во рамките на истото и ги утврдува нивните должности, одговорности и овластувања.

## 9. РЕСУРСИ

### 9.1 Персонал

КОНТРОЛ ЦЕРТ вработува и располага со доволен број на лица за извршување на сите процеси во рамките на постапката на сертификација.

Персоналот на КОНТРОЛ ЦЕРТ е компетентен за функциите кои ги извршува, вклучувајќи и изработка на технички наоди, дефинирање на политика и нивна примена.

КОНТРОЛ ЦЕРТ управува со компетентноста на својот персонал на начин што:

- Утврдува критериуми за компетентност за секоја функција во процесот на сертификација
- Идентификува потреба за обуки
- Официјално го овластува персоналот за секоја функција
- Ги прати перформансите на персоналот.

## 9.2 Поддоговарање

Директорот на КОНТРОЛ ЦЕРТ одлучува дали за спроведувањето на предметната сертификација е потребно некоја активност да биде извршена од страна на поддоговарачи. Во овој случај, кога е потребно друго тело за извршување на дел од активностите се потпишува прописно документиран договор кој ги опфаќа аранжманите вклучувајќи и судир на интереси. Поддоговорената активност на КОНТРОЛ ЦЕРТ опфаќа услуги од страна на акредитирана лабораторија за испитување на својства на градежни производи.

Притоа КОНТРОЛ ЦЕРТ:

- ја превзема целата одговорност за поддоговорената активност;
- ја задржува својата одговорност за доделување, одржување, проширување, суспензија или одземање на сертификатот;
- обезбедува дека поддоговореното лице/тело или организација е компетентно за работите и задачите за кој е направен договорот
- води записи за секоја поддоговорена активност.

За превземените активности КОНТРОЛ ЦЕРТ добива адекватен извештај од страна на поддоговореното тело/лице или организација.

# 10. ПРОЦЕС НА СЕРТИФИКАЦИЈА

## 10.1 Апликација за сертификација

Апликација за сертификација може да поднесе:

- Производител
- Овластен претставник на производителот

на официјален образец **Апликација за сертификација,** потпишана од страна на подносителот на апликацијата.

КОНТРОЛ ЦЕРТ, Апликацијата за сертификација ја објавува на својот веб сајт или ја доставува до заинтересираното лице, по негово барање.

Подносителот на Апликацијата приложената, официјална Апликација за сертификација, правилно пополнета и потпишана ја доставува до КОНТРОЛ ЦЕРТ.

### 10.1.1 Преиспитување на Апликацијата

Апликацијата за сертификација се преиспитува од страна на Менаџерот за сертификација на КОНТРОЛ ЦЕРТ согласно Процедура за преиспитување на Апликација со цел КОНТРОЛ ЦЕРТ да обезбеди дека:

- информациите за клиентот и производот се доволни за спроведување на процесот на сертификација;
- Апликацијата е јасно одредена и правилно разбрана, не постои разлика во разбирање на содржината помеѓу подносителот и КОНТРОЛ ЦЕРТ;
- предметот и подрачјето на сертификација се дефинирани;
- дека се ставени на располагање средства за спроведување на сите активности при процесот на оценување;

- КОНТРОЛ ЦЕРТ поседува компетентност и способност да ја спроведе сертификацијата.

**НАПОМЕНА:** КОНТРОЛ ЦЕРТ не прифаќа активности врзани за сертификација кои не се од неговиот делокруг, односно тип на производ, нормативни документи или шеми на сертификација за кои не е компетентен и нема претходно искуство.

#### 10.1.2 Некомплетност на Апликацијата за сертификација

Доколку се утврди некомплетност на Апликацијата се известува подносителот и ќе се бара од него да ги достави дополнителните информации кои недостасуваат. Заедно со Известувањето за некомплетност до подносителот се доставува и Барање за надополнување. Во Известувањето КОНТРОЛ ЦЕРТ утврдува рок од 30 работни дена од денот на прием на Известувањето за доставување на дополнителните информации од страна на подносителот. Во случај, подносителот да не одговори на Известувањето и Апликацијата за надополнување во определениот рок, Апликацијата ќе се смета за одбиена.

#### 10.1.3 Одлука по Апликација

КОНТРОЛ ЦЕРТ ја потврдува Апликацијата за сертификација, во зависност од тоа дали е утврдена компетентност за спроведување на сертификацијата проследена со потпис и датум на преиспитување на Апликацијата од Менаџерот за сертификација и се доставува до клиентот во рок не подолг од 5 работни дена од денот на преиспитувањето.

### 10.2 Барања кои се однесуваат на информирање

Барањата кои се однесуваат на информирање на подносителот се утврдени и документирани со Процедура за информирање со која на единствен начин се утврдува информирањето на подносителот за начинот на спроведување на сертификацијата, кое се врши од страна на Директорот на КОНТРОЛ ЦЕРТ, со цел запознавање со постапката на сертификација, условите и барањата на сертификацијата како и правата и обврските на договорните страни.

Постапката за информирање на подносителот се води на начин што Директорот на КОНТРОЛ ЦЕРТ:

- Закажува состанок со подносителот доколку постои интерес за истиот со цел подетално објаснување на целиот процес на сертификација или
- доставува Понуда за сертификација и Информација за постапката на сертификација.

### 10.3 Оценување

Процесот на оценување се врши согласно Процедура за оценување.

**10.3.1** Активности пред оценување

За процесот на оценување КОНТРОЛ ЦЕРТ:

- Именува оценувач/и
- Подготвува План за оценка
- Ги доставува Планот за оценка и Одлуката за именување. Од клиентот се бара да го потврди планот и да се произнесе во врска со оценувачот/ите во писмена форма. Клиентот има обврска да даде образложение на забелешките во врска со оценувачот/ите.

**10.3.2** Оценувачка посета

Оценувањето се состои од следниве фази:

- **Воведен состанок**

Оценувањето секогаш се започнува со воведен состанок со цел да се потврди целта на посетата, планот и опсегот на оценување. Воведниот состанок се води од страна на Водечкиот оценувач во согласност со Планот за воведен и завршен состанок.

- **Оценување**

Оценувачот/ите прегледот на производствениот погон го спроведуваат согласно План за оценка а во согласност нормите на МКС EN ISO/IEC 17065:2012 и соодветни технички спецификации.

Оценувањето се состои од следните активности:

- Преглед на извештаи за производот
- Оценување на документација – оценување на сообразност на системот за управување и останатите документи и евиденција со барањата на техничката спецификација и сертификационата шема и други технички правила и прописи,
- Оценување на контролата на фабричко производство – оценка на сообразност на производствениот процес, управување, одржување и контрола на истиот со барањата на техничката спецификација и сертификационата шема и други технички правила и прописи.

- **Состанок на оценувачите**

Пред почетокот на завршниот состанок, оценувачите се состануваат со цел да се анализираат добиените информации и докази и да се утврди дали клиентот ги задоволува барањата и условите на сертификација, да ги утврди евентуалните несообразности и да се договорат заклучоците од оценувањето. Несообразностите се запишуваат на лице место, односно секој оценувач кој утврдил несообразност потполнува образец Несообразност, определува рок за превземање на корективни мерки согласно правилата на КОНТРОЛ ЦЕРТ и се потпишува на истиот.

- **Завршен состанок**

Завршниот состанок го води водечкиот оценувач согласно План за воведен и завршен состанок. На завршниот состанок се прави осврт на оценката, се

презентираат несообразностите (доколку несообразноста е од техничка природа се вклучува и техничкиот оценувач) и се бара да бидат прифатени и потврдени несообразностите со потпис од страна на Клиентот. На клиентот му се презентираат и активностите кои треба да ги превземе по оценувањето односно:

- дека има обврска да превземе корективни мерки по утврдените несообразности.
- да достави докази за превземени корективни мерки.

Оргиналот од записот за несообразноста се доставува до клиентот, а копијата ја задржуваат оценувачите.

На основа на утврдените несообразности, оценувачите проценуваат дали ќе има потреба од дополнителна оценувачка посета за проверка на корективните мерки и во колкав обем.

**10.3.3** Активности по оценување

По оценувањето оценувачите подготвуваат Извештајот. Сите резултати од оценувањето се документирани со Извештајот кој се доставува до клиентот во рок од 30 дена од денот на оценувањето.

По потврдување на несообразностите клиентот е должен да достави предлог корективни мерки до КОНТРОЛ ЦЕРТ, на свој образец и да достави докази дека корективните мерки се превземени во рок не подолг од 3 месеци од денот на оценувањето.

Доколку клиентот не ги отстрани дадените несообразности во дадениот рок има обврска да го извести КОНТРОЛ ЦЕРТ во врска со причините, со што КОНТРОЛ ЦЕРТ ќе определи дополнителен рок за отстранување, но не подолг од 30 работни дена.

По доставување на предлог корективните мерки и доказите за превземени мерки, секој оценувач со потпис ја одобрува примената на корективните мерки

за несообразностите кои тој ги има забележано за време на оценувањето и подготвува и потпишува Препорака за одлучување која се доставува до Водителот на сертификација. Оценувачите подготвуваат и потпишуваат Препорака за одлучување и во случај кога клиентот не постапил по утврдените несообразности во определениот рок, врз основа на која Водителот за сертификација одлучува за статусот на сертификацијата.

## 10.4 Преиспитување и донесување на одлука

### 10.4.1 Преиспитување

Преиспитувањето и донесувањето на одлука за сертификација се врши согласно Процедура за преиспитување и донесување на одлука за сертификација од страна на Водителот на сертификација кој се именува од страна на Директорот врз основа на следниве критериуми:

- Не смее да биде лице кое било вклучено во процесот на оценување;
- Видот на производот кој се сертифицира;
- Стручна подготовка;
- Искуство во подрачјето на компетентност;
- Обученост во подрачјето на компетентност и
- Специфичност на донесување на одлуки.

Преиспитувањето се врши врз основа на Препораката за одлучување дадена од страна на оценувачот/ите и се состои од преиспитување на сите информации, документи и резултати од оценувањето.

Водителот на сертификација на КОНТРОЛ ЦЕРТ за извршување на оваа активност:

- се запознава со правилата/системот на КОНТРОЛ ЦЕРТ, должностите и одговорноститеи
- потпишува Изјава за доверливост и непристрасност.

Водителот за извршување на оваа активност има пристап до целокупната документација на предметот на постапката. Водителот ги разгледува сите извештаи од оценувањето, техничката документација на производот, процесот или услугата, препораката и врз нивна основа преиспитува дали предметот на сертификација е во согласност барањата на сертификација и одлучува за статусот на сертификација

**10.4.2 Одлука за сертификација**

Доколку предметот на сертификација е во потполна сообразност со сите барања за сертификација, Водителот на сертификација на КОНТРОЛ ЦЕРТ го решава позитивно предметниот случај и донесува Одлука за доделување / одржување на документи за сертификација.

Доколку во постапката на одлучување за доделување се утврдат одредени несообразности кои покажуваат дека клиентот не е сообразен со сите барања за сертификација, Менаџерот за сертификација ја доставува Одлуката за сертификација во рок од 5 работни дена од денот на нејзино донесување каде јасно се идентификувани сите несообразности. Доколку клиентот покаже интерес за продолжување на процесот на сертификација ќе го извести КОНТРОЛ ЦЕРТ во рок од 5 работни дена од денот на прием на Одлуката. Доколку клиентот не постапи по известувањето Водителот на сертификација ќе донесе Одлука за намалување на сертификација или ако не постои можност за намалување на сертификацијата донесува Одлука за одземање на сертификација.

**10.4.3 Доставување на сертификатот**

Сертификатот кој е потпишан од страна на Директорот на КОНТРОЛ ЦЕРТ, КОНТРОЛ ЦЕРТ ќе му ги достави на клиентот кога процесот на сертификација

успешно ќе се заврши, во рок од 5 работни дена од денот на донесување на Одлуката за  доделување на сертификација.

### 10.4.4 Одржување на сертификација

Активност која се превзема со цел пратење на клиентот дали и понатаму ги исполнува барањата на сертификација и релевантниот стандард, технички пропис.

### 10.4.5 Спроведување на периодично оценување

Кога КОНТРОЛ ЦЕРТ одобрил постојано користење на својот сертификат, тогаш периодичното оценување потврдува дали предметот на сертификација е и понатаму сообразен со стандардите. Фреквенциите на периодично оценување се утврдени со Процедура за одржување на сертификација согласно барањата на ревевантните стандарди за предметот на сертификација.

Спроведување на периодично оценување се извршува согласно Процедура за оценување.

### 10.4.6 Спроведување на повторно оценување

Повторно оценување може да се спроведе во следниве случаеви:

- Кога клиентот пријавил промени кои влијаат на сертификацијата
- Кога шемата за сертификација воведува нови барања
- Кога оценувачите или Водителот на сертификација увиделе дека постои потреба од дополнителна оценувачка посета за проверка на корективните мерки и во колкав обем.

Спроведување на повторно оценување се спроведува согласно Процедура за оценување.

### 10.5 Измени кои влијаат на сертификацијата

КОНТРОЛ ЦЕРТ има обврска да го извести клиентот во случај на воведување на нови или ревидирани барања кои влијаат врз клиентот и да осигура дека тие промени ќе им бидат соопштени на сите клиенти.

КОНТРОЛ ЦЕРТ ги верификува промените кај своите клиенти и превзема мерки кои се бараат во шемата за сертификација.

Кога шемата за сертификација воведува нови или ревидирани барања кои влијаат на клиентите, КОНТРОЛ ЦЕРТ ќе ги информира сите клиенти. КОНТРОЛ ЦЕРТ во случај на промена на норма утврдува постапка за проучување на измените од страна на компетентни лица и носи одлука за компетентност и способност за реализација. Доколку утврди дека има способност и компетентност за реализација на измените во нормата, ги известува клиентите за прилагодување кон измените на нормата и определува рок кој не може да биде подолг од 1 година.

КОНТРОЛ ЦЕРТ ги разгледува и промените кои ги иницирал клиентот и одлучува со соодветни мерки.

Клиентот има обврска да го информира КОНТРОЛ ЦЕРТ за било кои промени и модификации кои има намера да ги превземе:

- врз производот,
- во процесот на производство и контрола на производство, или
- во самиот систем на квалитет,

а кои би можеле да влијаат на сертификацијата .

Водителот на сертификација на КОНТРОЛ ЦЕРТ е овластен врз основа на измените кои подносителот има намера да ги превземе да донесе одлука дали е потребно да се спроведе повторно оценување. Во случај на измени кои

значајно имаат влијание на конструкцијата на производот или на спецификацијата, или измена на сопственост, уреди или управата на подносителот, или во случај на други информации кои укажуваат дека производителот повеќе не е сообразен со барањата на на сертификација, КОНТРОЛ ЦЕРТ ќе мора да спроведе повторно оценување.

КОНТРОЛ ЦЕРТ ги разгледува сите промени кои можат да влијаат на сертификацијата и превзема мерки: повторно оценување, преиспитување и одлучување, измена на документите на сертификација во случај на стеснување или проширување во подрачјето на сертификација или при надзорни активности.

Сите мерки се превземаат согласно постапката за оценување, преиспитување и донесување на одлука, документација за сертификација и водење и ажурирање на регистар за сертификати.

Доколку при превземање на погоренаведените мерки, лицето одговорно за релевантната постапка предвиди изземање на некоја активност дава документирано образложение за причината на изземање.

### 10.6 Прекинување, намалување, проширување, суспендирање или повлекување на сертификатот

Кога несообразноста со барањата за сертификација е потврдена, како резултат на надзор, КОНТРОЛ ЦЕРТ ќе разгледа и одлучува за соодветното дејство.

**НАПОМЕНА:** Соодветното дејство може да го содржи следново:

- продолжување на сертификација под услови определени од сертификационото тело (на пример, зголемен надзор);
- намалување на опсегот на сертификација;
- суспензија на сертификатот во очекување на корективни мерки од страна на клиентот;
- повлекување на сертификатот.

**Најчести причини за суспендирање на сертификат:**

- Неисполнување на барањата од стандардот или законската регулатива.
- Неотстранување на сериозни или повеќекратни несогласности утврдени на надзорна или повторна проверка.
- Неплаќање на обврските кон сертификациското тело.
- Ограничување или попречување на спроведувањето на надзорните проверки.
- Непочитување на договорните обврски кон сертификациското тело.
- Злоупотреба или погрешно користење на сертификатот

**Временски рок:**

Суспензијата трае најмногу до 3 месеци, а тимот на оценувачи го одредува точниот рок во зависност од видот на несообразноста. Одлуката за суспензија ја донесува Водителот на сертификација во случај доколку е од технички причини доколку суспензијате е од финансиски причини одлуката ја донесува директорот.

Доколку организацијата во тој рок ги коригира причините, сертификатот може да биде повторно активиран.

Ако не се преземат мерки, суспендираниот сертификат се повлекува трајно.

Последици:

Организацијата за време на суспензијата не смее да користи сертификат или да се претставува како сертифицирана

Ако сертификатот е прекинат (по барање на клиентот), повлечен или суспендиран, КОНТРОЛ ЦЕРТ ги презема активностите утврдени со шемата за сертификација и ги прави сите неопходни измени на формалните документи за сертификација, информациите од јавен карактер итн. со цел да се осигура дека не дава индикација дека предметот е сеуште сертифициран. Ако опсегот на сертификација е намален, КОНТРОЛ ЦЕРТ ги презема активностите утврдени во шемата за сертификација и ги прави сите неопходни измени на формалните документи за сертификација, информациите од јавен карактер итн. со цел да се обезбеди намален опсег. Одлуката му е јасно соопштена на клиентот и јасно е наведена во документацијата за сертификација и јавните информации.

Доколку сертификацијата повторно се воспостави по суспензија, КОНТРОЛ ЦЕРТ ќе ги направи сите неопходни измени на формалните документи за сертификација, информации од јавен карактер итн. со цел да се обезбедат сите соодветни индикации дека производот и понатаму ќе биде сертифициран.

Во случај клиентот да е заинтересиран за проширување на сертификацијата, истиот го спроведува тоа по пат на поднесување на нова апликација за сертификација до КОНТРОЛ ЦЕРТ. За таа цел се спроведува целокупната постапка на сертификација од поднесување на апликација до донесување на одлука за сертификат. По завршување на постапката на клиентот му се доставува нов сертификат со проширен опсег на сертификација, а стариот се повлекува.

## 10.7 Приговори и жалби

КОНТРОЛ ЦЕРТ има утврдена Процедура за решавање на приговори и жалби која ја става на располагање за сите заинтересирани лица на нивно барање.

## 10.8 Други сертификациони тела

КОНТРОЛ ЦЕРТ го задржува правото да одлучи за соработка со други сертификациони тела.

## 10.9 Цена на услугите на сертификација

КОНТРОЛ ЦЕРТ има финансиска стабилност која се бара за процесот на сертификација. КОНТРОЛ ЦЕРТ се финансира со наплата на услуги за сертификација. Цената на сертификација е утврдена во Ценовник на услуги на сертификација.

## 10.10 Развој на сертификациони активности и развој на барањата за сертификација

Општиот оценувач, техничкиот оценувач, Водителот на сертификација во консултации со Менаџерот за сертификација се одговорни и работат на развојот на барањата за сертификација и сертификациони активности.

# ДИЈАГРАМ НА ДВИЖЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СЕРТИФИКАЦИЈА




| Измени: | 1. | 2. | 3. | 4. |
|---|---|---|---|---|
| Датум: | | | | |
| Верзија: 01/24 | | | Датум: 28.11.2024 | |